Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 10-2371/5
21.12.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 став 2 и 3 од Одлуката за распишување избори на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Природно-математички факултет – Скопје бр. 02-2371/1 од 26.11.2021 година, Изборната комисија на Природно-математичкиот факултет – Скопје донесе

# УПАТСТВО

## за спроведување на електронските избори за Факултетското студентско собрание на Природно-математичкиот факултет – Скопје во учебната 2021/2022

**Член 1**

Со ова Упатство се уредува работата на Изборната комисија, образецот на записникот, начинот на електронското гласање, објавување на резултатите од гласањето, известувања, записници и слично, чување и увид во изборната документација како и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

### 1. Работа на Изборната комисија

**Член 2**

Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание именувана од деканот на Природно-математичкиот факултет – Скопје (во натамошниот текст: Изборна комисија) работи на седници.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Изборната комисија.

**Член 3**

Изборната комисија одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Записниците и одлуките ги потпишуваат сите членови на Изборната комисија.

### 2. Кандидати за членови и претседател во Факултетското студентско собрание

**Член 4**

Студентите лично, преку архивата на Факултетот или преку електронската пошта на официјалниот е-маил на Факултетот (pmf@pmf.ukim.mk) доставуваат пријава за кандидати за претседател или членови на Факултетското студентско собрание (во натамошниот текст: ФСС) до Изборната комисија, најдоцна до 14.12.2021г.

Во пријавата за кандидат за претседател и член на ФСС задолжително се пишува името и презимето на студентот, бројот на индекс и студиската програма на која е запишан.

За Претседател на факултетското студентско собрание може да се кандидира редовен студент на Факултетот кој запишал зимски семестар во учебната 2021/2022 година и ги положил сите испити заклучно со трет семестар.

Кандидирањето на претседател е лично, преку поднесување на кандидатура на која поддршка даваат најмалку 30 редовни студенти од Факултетот кои имаат право да гласаат.

**Член 5**

Факултетското студентско собрание брои 36 членови.

Факултетско студентско собрание го сочинуваат преставници на студентите избирани по Институти, со тоа што од секоја студиска година по еден кандидат од прв циклус и по еден кандидат од втор и трет циклус и тоа:

- по 1 претставник од прва година на прв циклус на студии од секој Институт, вкупно 6;
- по 1 претставник од втора година на прв циклус на студии од секој Институт, вкупно 6;
- по 1 претставник од трета година на прв циклус на студии од секој Институт, вкупно 6;
- по 1 претставник од четврта година на прв циклус на студии од секој Институт, вкупно 6;
- по 1 претставник од втор циклус на студии од секој Институт, вкупно 6;
- по 1 претставник од трет циклус на студии од секој Институт, вкупно 6;

Предложен кандидат за член не може да биде предложен за претседател на ФСС.

**Член 6**

Собирите на студенти по Институти ќе се спроведат on-line, на 21 декември 2021 година, кога ќе се спроведе тајното гласање за утврдување на кандидати за членови на ФСС.

За утврден кандидат/кандидати за член/членови во Факултетското студентско собрание од соодветната студиска година се смета кандидатот/кандидатите кој добил најголем број гласови.

Изборната комисија составува записник од спроведеното тајно гласање.

**Член 7**

Согласно записникот од член 6, Изборната комисија донесува одлука со која се констатира кои студенти се кандидираат за членови на Факултетското студентско собрание од соодветната студиска година и дали ги исполнуваат условите да бидат избирани.

Во одлуката од став 1 на овој член се наведува името и презимето, студиската програма, бројот на индекс, годината на студии.

Одлуката на комисијата е конечна и истата се објавува на веб страната на факултетот најдоцна 7 дена пред одржување на изборите.

## 3. Спроведување на изборите

**Член 8**

Членовите и претседателот на ФСС се избираат на непосредни, фер и демократски избори со мандат од 1 година и со право на уште еден избор.

Изборите за претседател и членови на ФСС ќе се одржат со тајно гласање on-line на ден 28.12.2021 година (вторник) преку платформа за електронско гласање во периодот од 9 до 19 часот.

**Член 9**

Тајното гласање се врши електронски на гласачки ливчиња.

Се изготвуваат 2 (две) посебни гласачки ливчиња и тоа:

- Гласачко ливче со утврдени кандидати од прва, втора, трета, четврта година од сите студиски програми на Факултетот на првиот циклус на студии, како и кандидатите за членови од вториот и третиот циклус на студии;
- Гласачко ливче со утврдени кандидати за претседател на ФСС на Факултетот.

За избрани членови во Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

**Член 10**

Гласачкото ливче содржи:

- лого и име на Факултетот,

- име и презиме на кандидатите за кои се гласа, според азбучен ред на презимето,

- кратко упатство за начинот на гласање,

- датум на гласање.

**Член 11**

Седум дена пред одржување на изборите, Изборната комисија обезбедува избирачки списоци во електронска форма.

Одделението за студентски прашања е должно на барање од изборната комисија да даде избирачки списоци на студентите кои имаат право да гласаат по студиски години.

**Член 12**

Студентите пристапуваат кон гласањето на денот и часот определен со Одлуката на деканот за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание.

Секој студент кој запишал зимски семестар во учебната 2020/2021 година има право да гласа.

**Член 13**

Упатството за спроведувањето на онлајн гласањето е составен дел на ова упатство.

**Член 14**

За избрани членови во Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале, за што изборната комисија донесува одлука.

За избран претседател на Факултетското студентско собрание се смета кандидатот кој добил најмногу гласови од студентите кои гласале, за што изборната комисија донесува одлука.

Одлуките од став 1 и 2 на овој член се објавуваат на веб страницата на Факултетот во рок од 24 часа од завршување на изборите.

## 4. Увид и чување и во изборната документација

**Член 15**

Секој студент има право на увид во изборната документација.

Увидот од став 1 на овој член се врши во термин што ќе го определи Изборната комисија.

**Член 16**

Изборната документација се чува една година од денот на завршување на изборите во архивата на Факултетот.

Донесените одлуки и записниците поврзани со избор на членови на Факултетското студентско собрание се чуваат во архивата на Факултетот, согласно прописите за рокови за чување на архивски документарен материјал.

## 5. Завршни одредби

**Член 17**

Упатството влегува во сила на денот на објавувањето на веб страницата на Факултетот.

**Изборна комисија**

проф. д-р Слаѓана Брсакоска, претседател

асс. м-р Елена Вчкова Бебековска, член

Даниел Николовски - студент, член

Ангела Петровска - студент, член

Сара Јовановска - студент, член

**Упатство**
за спроведувањето на онлајн (on-line) гласање за
избор за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на
Природно-математичкиот факултет во Скопје

Поради ситуацијата со COVID-19 изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Природно-математичкиот факултет во Скопје оваа година ќе се одвиваат онлајн. ПМФ како и ФСС на ПМФ се залагаат за спроведување на легитимен и веродостоен избирачки процес. Во овој документ е опишан и објаснет избирачкиот процес.

1. Изборите ќе бидат спроведени со тајно гласање, кое ќе се одржи на 28.12.2021 година (вторник)во период од 9:00 часот до 19 часот.
2. Тајното гласање ќе се спроведе онлајн.
3. Секој студент ќе добие електронска порака за пристап до гласањето. Пораката ќе содржи два линка, еден за гласање за претседател и еден за гласање за членови на ФСС. Линковите за гласање ќе бидат испратени на Вашите е-маил адреси (не на студентските е-маилови на students.pmf.ukim.mk)
4. Првиот линк води до гласачкото ливче наменето за избор на претседател, со можност да изберете една од двете понудени опции, со бирање на зборовите ЗА или ПРОТИВ.
5. Вториот линк води до гласачкото ливче наменето за избор на членови на ФСС. Во зависност од бројот на лицата што треба да бидат избрани, студентот може да гласа за точниот број на студенти што треба да бидат избрани или за помал број на студенти.
6. По завршување на гласањето на екранот ќе добиете известување дека успешно сте го поднеле гласот.
7. За претседател и членови на ФСС може да гласаат сите студенти со запишан зимски семестар во учебната 2021/2022 година независно од студиската програма и циклусот на студии на кои се запишани.